02-413/1-2/1
26.02 18

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, по разгледување и увид во сметководствената документација за материјално финансиското работење на ЈП во четвртиот квартал во 2017 година, на седницата одржана на 26.02.2018 година, состави

# ИЗВЕШТАЈ

за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица“ Кичево за четврт квартал во 2017 година

1.Во четвртиот квартал (01.10.-31.12.) на деловната 2017 година, искажаните финансиски показатели се резултат на настанатите деловни промени во работењето на ЈП во овој квартал на годината, утврдени во финансиските извештаи, со увидот во истите и Инфомацијата бр. 01-370/1 од 19.02.2018 година на ВД Директорот на јавното претпријатие и табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци.

2.Инфомацијата бр. 01-370/1 од 19.02.2018 година на ВД Директорот на ЈП, за финансиското работење на ЈП за четвртиот квартал (01.10.-31.12.) во деловната 2017 година, со табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци, со рекапитулар, за четвртиот квартал на 2017 година, објективно и реално ја искажува материјално финансиската состојба и работење на ЈП.

3.Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење утврди дека во јавното претпријатие книговодствена евиденција се води комјутерски, ажурно и согласно позитивните прописи и усвоените сметководствени политики.

4.Во четврт квартал (01.10.-31.12) 2017 година остварен е:
Вкупно приход ____________________ 10.675.305,00 денари
Вкупно расход ____________________ 28.723.216,00 денари
Загуба во работењето_______________ 18.047.911,00 денари

5.Вкупните остварените приходи во четвртиот квартал за 2017 година изнесува 10.675.305,00 денари и во однос на планираните (14.333.742,62 денари) во Финансискиот план, се реализирани со 74,48%.

Во четвртиот квартал од деловната 2017 година се реализирани следните приходи:

- Приходи од продажба на вода во износ од 7.825.381,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за четвртиот квартал (8.699.175,62 денари) се реализирани со 89,96%.
- Приходи од продажба на електрична енергија, произведена од МХЕ Добреноец во износ од 1.822.092,00 денари и истите во однос на вкупно планираните за соодветниот период (4.620.000,00 денари ) се реализирани со 39,44%.
- Приходи по основ на камати од орочени средства на депозити се реализирани во износ од 217.799,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за четвртиот квартал (250.000,00 денари ) се реализирани со 87,12%.

- Приходи од поранешни години (наплатени отпишани побарувања) се реализирани во износ од 764.568,00 денари и истите во однос на планираните за содветниот период (764.568,00 денари ) се реализирани со 100%.

6.Во четвртиот квартал од деловната 2017 година, вкупните расходи изнесуваат 28.723.216,00 денари и во однос на планираните (14.320.000,00 денари) истите се реализирани со 200,58%.

Реализирани трошоци по поединечни ставки во наведениот квартал кои се под реализација од 100% и тоа:

-потрошени суровини и материјали 45,60%,
- потрошени материјали( адм. Управни и прод.) 58,38%,
- потрошена енергија 59,07%,
- потрошени резервни делови 13,26%,
-отпис на ситен инвентар 99,01%,
-поштенски,телефонски и интернет услуги 79,49%,
-услуги за одржување и заштита 50,75%,
-комунални услуги 27,60%,
-останати услуги 42,51%,
-амортизација по минимални стапки 97,25%,
- банкарски услуги и трошоци на платен промет 97,28%,
- трошоци за надоместок за користење на вода од МХЕ Добреноец 3,10%
-даноци од кои не зависи резултатот, членарини и други давачки 11,78%,
- премии за осигурување 8,15%,
-трошоци за репрезентација 46,01%,и
- трошоци за надомест и други примања на членови на Управен одбор и Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење 86,96%.

Отстапување во однос на идеалнно планираната граница за реализација на определеи трошоци и нивно зголемување е регистрирано на следните расходни позиции по ставки како следи: вкалкулирани бруто плати 102,75%, потрошена енергија МХЕ Добреноец 134,26%, дневници за службени патувања со 182,73%, надомест на трошоци на вработените,подароци и помошти 2023,19%, и останати трошоци од работењето и трошоци за судски постапки 949,03%.

7.Вкупните побарувања заклучно со крајот на наведениот период за 2017 година, изнесуваат 119.665.555,00 денари, од кои поголем дел се побарувања од купувачи по основ продажба на вода и изнесуваат 79.547.203,00 денари и се намалени за 14,56% во однос на истиот период од 2016 година.

8.Вкупните неизмирени обврски заклучно со крајот на наведенот период изнесуваат 3.407.866,00 денари, и тоа: обврски кон добавувачи 139.845,00 денари, обврски за придонеси од плати 776.721,00 денари, обврски по основ персонален данок на доход 16.619,00 денари, обврски за данок на додадена вредност 752.147,00 денари, обврски по нето плата со 1.430.720,00 денари, останати обврски од вработените 142.159,00 денари и обврски останати краткорочни од плати, Управен одбор и Надзорен одбор 149.655,00 денари. Обврски за даноци се подмируваат на почетокот на наредниот месец, во рок , како и обврски кон добавувачи.

9.Основна карактеристика за четвртиот квартал на деловната 2017 година е тоа што остварен негативен финансиски резултат во работењето во износ 18.047.911,00 денари.

Овој резултат се должи пред се поради исплата на регрес за годишен одмор и новогодишен надоместок на вработените за 2014,2015 и 2016 година, а по предходно поднесена тужба од сите вработени,(поединечно и групно). Имено, со оглед на тоа што Апелациониот суд во Гостивар во целост ги потврдуваше првостепените пресуди на Основниот суд Кичево, со кои во целост им се уважува тужбата и тужбеното барање на вработените, Управниот одбор на јавното претпријатие донесе Одлука бр.05-1846/1-7/1 од 05.12.2017 година, во која децидно се наведени заведените судски спорови на вработените по кои се изврши исплата по првостепена пресуда, правосилна и извршна, заради намалување на трошоците на поведените постапки. Исто така во овој квартал е извршен отпис на побарувања во износ од 8.742.296,000 денари, по основ камати кон ЈП Водовод и канализација Прилеп, согласно склучена Спогодба бр.03-750/2 од 05.09.2017 година и бр.03-1216/1 од 05.09.2017 година,а согласно Одлука бр.02-1846/1-6/1 од 05.12.2017 година на Управниот одбор на јавното претпријатие.

Исто така влијание има и неработењето на РЕК Осломеј во овој квартал , како и намалените приходи од продажба на ел.енергија од МХЕ Добренопец, поради намалена издашност на изворот.

10.Надзорниот одбор констатира дека јавното претпријатие и покрај негативниот финансиски резултат во овој квартал, навремено ги сервисира тековните обврски кон државата и добавувачите и успешно се справува со извршување на своите обврски кои произлегуваат од дејноста која ја врши.

11.Овој Извештај да се достави до Управниот одбор на ЈП и Владата на Република Македонија.

Врз основа на претходно наведеното Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење на ЈП „Студенчица„ Кичево, едногласно го дава следното:

МИСЛЕЊЕ

1. Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за четвртиот квартал од 2017 година бр.01-370/1 од 19.02.2018 година и по истиот ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Доставено до:
-Влада на РМ
-Управен одбор на ЈП
-Директор на ЈП
-архива

26.02.2017 година
Кичево

Претседател на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица“ Кичево

Лирим Фејза